# совет за етика во медиумите на македонија

Датум:

23.03.2015г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Мисијата на ОБСЕ во Македонија во врска со изјавата на Миленко Неделковски дадена на маргините на настанот на „Граѓанско движење за Македонија“ од Кавадарци на 26.02.2015 година за Дневникот на ТВ Сител.**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10 и 11.

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)"*

Член 11.

*"Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија (...)"*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларијата на СЕММ на ден 04.03.2015 година, Мисијата на ОБСЕ во Македонија поднесе писмо/жалба во врска со изјавата на Миленко Неделковски дадена на

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

маргините на настанот на „Граѓанско движење за Македонија“ од Кавадарци на 26.02.2015 година за Дневникот на ТВ Сител. ОБСЕ во писмото наведува дека со изјавата на Неделковски според која голем број лица, повеќето новинари и политичари, треба „да се закопаат длабоко и врз нив да се стави една дебела, силна, армирана, бетонска плоча за веќе да немаат никакво влијание врз ова што се случува“, како и други негови забелешки, тој ја надмина црвената линија во говорот на омразата, што е дејство што не смее да се толерира. Во продолжение на писмото од Мисијата на ОБСЕ се вели дека „забелешките на Неделковски се продолжение на негативната пракса на говор на омраза, како дел од неговите редовни искажувања. Мисијата на ОБСЕ во Скопје е вклучена во проекти против говорот на омразата. Доколку во медиумите се дозволува ширење на таков говор се компромитираат и се потценуваат нашите заложби“, се вели во реакцијата од Мисијата на ОБСЕ. Според тоа, Мисијата на ОБСЕ во Скопје „одбива каков било контакт со Неделковски и со сите медиуми што му обезбедуваат платформа за да ги искаже таквите ужасни пораки“.

Извршната канцеларијата на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата оствари контакт со уредникот на Дневникот на Сител Валентин Николовски, а потоа следуваше и средба со одговорниот уредник на Телевизијата, Драган П. Латас. После средбата одговорниот уредник Латас достави и официјален одговор на наводите на жалителот. Во одговорот се вели дека Сител нема никаква одговорност за изјавата на лицето, која е дадена во пренос во живо и за која уредникот на Дневникот Валентин Николовски, веднаш по изрекувањето на изјавата дал и оградување од истата. Во одговорот се истакнува дека посочениот случај не е дел од програмата на Сител, туку лична изјава на познат извор дадена во живо каде Сител нема влијание врз истата. Латас наведува дека ТВ Сител смета дека ОБСЕ нема мандат, ниту право да зазема селективен став дека со некои медиуми ќе комуницира, а со други не, па нивниот став го сметаат за притисок врз медиум и личен каприц на шеф на Мисијата на ОБСЕ.

# совет за етика во медиумите на македонија

На седницата на 20.03.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот, односно Мисијата на ОБСЕ во Македонија, на одговорниот уредник на ТВ Сител Драган П. Латас и направи увид во наведените вести. Од видео - материјалите од вестите на ТВ Сител на ден 26.02.2015 год., јасно се гледа како гостинот Миленко Неделковски на прашањето од новинарот што ќе им порача вечерта на граѓаните на Кавадарци, тој одговара: **"Па, ќе им порачам дека оваа финална битка на македонскиот народ со предавниците во своите редови треба да се заврши на начин да треба сите тие предавници, гниди македонски, за жал македонски, да се закопаат длабоко и врз нив да се стави една дебела силна, армирана, тешка бетонска плоча за веќе да немаат никакво влијание врз ова што се случува. Исто така, ќе порачам дека се согласувам со вчерашното тврдење на Сашо Ордановски дека во Македонија има битанги. Меѓутоа според мене битанги , каков што е токму Сашо Ордановски, човек кој 20 години е косовски лобист, финансиран од албанското подземје на Косово, битанга е човек како што е Зоран Заев, кое е соработник на странски разузнавачки служби и материјалите ги користи за политичко блекмејлување, значи за политичка уцена, битанга е човек каков што е Бранко Геровски кој во своите текстови признаваше дека кога била министерка за внатрешни работи Доста Димовска, кој јаословува тој како Достич, се јавувал и успевал да обезбеди да бидат ослободени луѓе кои се бавеле со трговија , односно продавање опојни материјали , со трговија на дрога. Со такви битанги си имаме работа, за тие битанги сакам да направиме бетонска плоча која не ќе можат веќе да ја подигнат "** и понатаму продолжува да одговара на други прашања.

По завршувањето на линковското вклучување уредникот-водител лично и во име на ТВ Сител се огради од вокабуларот на Неделковски.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

СЕММ најпрво го поздравува и го цени извинувањето на уредникот, но тоа не ја намалува тежината на говорот на омраза искажан од соговорникот. Комисијата оцени дека, и покрај извинувањето, новинарот, најпрво, бил должен да го прекине соговорникот и да се извини, а ако тоа не е сторено, тогаш уредникот требало веднаш да реагира од студио, затоа што меѓу искажаните зборови и крајот на разговорот е поминато прилично време за говорот на омраза непречено да стигне до јавноста.

Притоа, Комисијата за жалби констатираше дека во содржината станува збор за нарушување на два члена од Кодексот на новинарите на Македонија, односно членовите 10 и 11.

При своето одлучување Комисијата го зеде предвид чл. 10 ст.2 од Европската конвенција за човекови права, каде се вели дека покрај правото за слобода на изразување, остварувањето на таа слобода, којашто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Понатаму, Комисијата ја зеде предвид и Препораката на R(97) 20 на Комитетот на Министри на Советот на Европа за "говор на омраза " од 1997 година, каде во прилогот кон Препораката се истакнува дека терминот „говор на омраза" треба да се разбере како термин кој ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетолеранција...

Покрај овие нормативи, Комисијата при одлучувањето се повика и на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Pavel Ivanov против Русија, жалба бр. 35222/04, одлука за допуштеност од 20 февруари 2007, каде се наведува дека застапувањето насилство кон определена група не може да се користи со заштитата дадена со членот 10 од Конвенцијата

Исто така, Комисијата при ценењето на доказите и утврдувањето на фактичката состојба ги зеде предвид намерата, содржината, односно контекстот на изразувањето и забранетата последица.

Во конкретниот случај, Комисијата констатираше дека соговорникот имал намера за поттикнување, промовирање или оправдување на омраза кон лицата кои припаѓаат на определена група. Покрај содржината на говорот на омраза, дополнителен факт е што тој говор доаѓа од јавна личност-новинар, во време на затегнати политички односи и тоа преку национална телевизија.

Во однос на забранетата последица, Комисијата најде дека говорот на омраза, покрај тоа што причинува повреди на достоинството на лицето/ата на кое/кои се однесува, исто така е и говор кој има способност да доведе до нарушување на јавниот ред и мир или насилство и тоа како моментални инциденти или, пак, разгорување насилство помеѓу односните групи во општеството, така и криминал од омраза кон лицата претходно таргетирани со говорот на омраза.

Поради ова, Комисијата смета дека медиумот и новинарот го прекршиле член 10 од Кодексот, односно дека медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого. Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омраза е неспоив со новинарската етика.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во конкретниот случај новинарот не се придржува до општоприфатените општествени стандарди на пристојноста и почитувањето на различностите, односно дека новинарот е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него тие ставови добиваат јавност, затоа е должен да ги парафразира или да се огради од навредлив јазик, промовирање на стереотипи или дискриминација.

Комисијата за жалби истакнува дека меѓу најчестите непочитувања на Кодексот се случаите каде се забележуваат елементи на говор на омраза кон оние што мислат поинаку, политички противници и припадници на етнички заедници, односно кога во контактни емисии на гледачите и на слушателите им се дава простор да соопштуваат радикални ставови за припадниците на другите заедници, за политичките противници или за оние што мислат поинаку. Таквите случаи се примерите на нетолеранција, поттикнувачки и говор на омраза кој е непримерен за професионалното новинарство.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски и Сефер Тахири.

**Се обврзува ТВ Сител, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски

---------------------------------------------------------

Претседател на Комисијата за жалби

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595